УЖ-3.бр.112/2019

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: Владанка Панчурова Сулејманова - претседател на советот, Дијана Димитрова и Фани Илиевска - членови на советот, со записничар Милка Стефановска Трпевска - судски соработник, решавајќи по жалбата на тужителот Друштво за производство, трговија, превоз и услуги ДИНО ТРАВЕЛ увоз извоз ДООЕЛ од село Лажани, Општина Долнени изјавена преку полномошник Иван Спиркоски, адвокат од Прилеп против пресудата на Управниот суд У-5.бр.860/2018 од 31.10.2018 година, за јавна набавка, на седницата одржана на ден 08.05.2020 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

Жалбата на тужителот Друштво за производство, трговија, превоз и услуги ДИНО ТРАВЕЛ увоз извоз ДООЕЛ од село Лажани, Општина Долнени, СЕ УВАЖУВА.

Пресудата на Управниот суд У-5.бр.860/2018 од 31.10.2018 година, СЕ УКИНУВА и предметот се враќа на првостепениот суд на повторно судење.

Барањето на тужителот за надомест на трошоци во постапката по жалба во износ од 47.600,00 денари, се одбива како неосновано.

## О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд постапувајќи по тужбата на тужителот Друштво за производство, трговија, превоз и услуги ДИНО ТРАВЕЛ увоз извоз ДООЕЛ од село Лажани, Општина Долнени против решението на Државната Комисија за жалби по јавни набавки 09-229/7 од 18.04.2018 година донел пресуда под У-5.бр.860/2018 од 31.10.2018 година, со која истата ја одбил како неоснована.

Против пресудата на Управниот суд жалба изјавил тужителот преку својот полномошник Иван Спиркоски, адвокат од Прилеп, поради сторени повреди на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбата да се уважи, побиваната пресуда се укине и предметот се врати на повторно постапување, како и да му се надоместат трошоците на постапката по жалба и тоа за состав на жалба во износ од 46.800,00 денари и за судски такси во износ од 800,00 денари, односно во вкупен износ од 47.600,00 денари.

Одговор на жалба е поднесен од тужениот орган со прелог жалба на тужителот да се одбие како неоснована.

Вишиот управен суд, по проучувањето на списите по предметот, ценејќи ги наводите од жалбата и одговорот на жалба, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на член 354 став 1 од Законот за парничната постапка, најде:

Жалбата е основана.

Видно од побиваната пресуда, Управниот суд во образложението на истата навел дека од списите по предметот утврдил дека договорниот орган Општина Долнени спровел Отворена постапка со објавување на Огласот за доделување на договор за јавна набавка бр.1/2018 за набавка на услуги-превоз на ученици во општина Долнени за дваесет релации за учебната 2017/2018 година, за што претходно донел Одлука за јавна набавка бр.09-184/1 од 24.01.2018 година. Огласот бил објавен во Електронскиот систем за јавни набавки на Бирото за јавни набавки. Постапката била деллива, односно за секоја релација бил оформен посебен дел и вкупно постапката имала 20 дела. Како критериум за избор ќе се користи најниска цена, постапката ќе се спроведе со користење на електронски средства преку ЕСЈН и ќе заврши со спроведување на електронска аукција. Од понудувачите било побарано да достават Изјава за сериозност на понудата, Изјава за независна понуда и 5.00 % гаранција за квалитетно извршување на договорот. До крајниот рок за поднесување на понудите 19.02.2018 година во 12.00 часот пристигнале вкупно 17(три) понуди, за што бил изготвен Записник од отворањето на понудите бр.05-184/33 од 19.02.2018 година. Комисијата за јавни набавки на договорниот орган извршила евалуација на понудите при што утврдила дека за дел 16 била пристигната само една понуда и тоа понуда на сега тужителот и истиот го поканил да поднесе конечна цена на ден 15.03.2018 година, а за дел 14 биле поднесени 4 понуди и истите биле поканети на учество на е-аукцијата која се одржала на 07.03.2018 година. По завршувањето на е-аукцијата и поднесувањето на конечна цена, Комисијата за јавни набавки со изготвен Извештај од спроведена постапка бр.05-184/61 од 13.03.2018 година, а врз основа на критериумот најниска цена, спроведената е-аукција и поднесувањето на конечна цена, како и по претходно прибавените објаснувања на цените, до одговорното лице кај договорниот орган доставила предлог за поништување на постапката за дел 14 и дел 16, по што биле донесени сега обжалените Одлука за поништување на постапката за дел 16 бр.09-184/80 од 21.03.2018 година и Одлука за избор на најповолна понуда бр. 09-184/78 од 21.03.2018 година за дел 14. Одлуката за поништување на постапката за дел 16 е донесена од причина што понудената цена е повисока од проценетата вредност утврдена во Одлуката за јавна набавка бр. 09-184/1 од 24.01.2018 година, додека Одлуката за избор на најповолна понуда за дел 14 е донесена од причина што избраната понуда е во согласност со Одлуката за дофинансирање.

Незадоволен од Одлуката за поништување на постапката бр.09-184/80 од 21.03.2018 година и Одлуката за избор на најповолна понуда бр.09-184/78 од 21.03.2018 година економскиот оператор Друштвото

за производство, трговија, превоз и услуги ДИНО ТРАВЕЛ увоз извоз ДООЕЛ од село Лажани, Општина Долнени изјавило жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Постапувајќи по жалбата наведената Комисија донела решение бр. 09-229/7 од 18.04.2018 година со кое ја одбила како неоснована жалбата поднесена против Одлуката за поништување на постапката бр.09-184/80 од 21.03.2018 година, а ја уважила жалбата поднесена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.09-184/78 од 21.03.2018 година донесени по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.1/2018 за набавка на услуги - превоз на ученици во општина Долнени за одредени релации за учебната 2017/2018 година на договорниот орган општина Долнени и во уважениот дел наведената Одлука ја укинал и предметот го вратил на повторно постапување. Под точка 3 од диспозитивот на решението го задолжил договорниот орган на жалителот да му ги надомести трошоците на жалбената постапка во висина од 250,00 денари на име административна такса и надомест за водење на постапка во висина од 6.150,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на решението, а во точка 4 од диспозитивот на решението барањето за исплата на адвокатски трошоци во вкупен износ од 46.800,00 денари го одбил како неосновано.

Против наведеното решение тужителот поднел тужба за управен спор за делот од решението со кое се одбива како неоснована жалбата на тужителот поднесена против Одлуката за поништување на постапката бр. 09-184/80 од 21.03.2018 година, како и делот под точка 4 од диспозитивот на оспореното решение за одбиениот дел од трошоците на постапката.

Управниот суд постапувајќи по тужбата на Друштво за производство, трговија, превоз и услуги ДИНО ТРАВЕЛ увоз извоз ДООЕЛ од село Лажани, Општина Долнени ја донел сега побиваната пресуда У-5.бр.860/2018 од 31.10.2018 година со која тужбата ја одбил, како неоснована, наоѓајќи дека со донесувањето на оспореното решение не бил повреден законот на штета на тужителот. Во образложението на пресудата судот се повикал на одредбите од член 3,12,129,140 и 210 од Законот за јавни набавки.

Вишиот управен суд одлучувајќи по жалбата на тужителот ги ценеше и најде дека се основани жалбените наводи за сторени повреди на постапката од член 42-г став 2 точка 11 од Законот за управните спорови, во кои се укажува дека побиваната пресуда е нејасна и не се наведени причини за решителните факти при одлучувањето по тужбеното барање. Имено, во жалбата меѓу другото е наведено и дека со тужбата покрај тоа што е оспорен делот од решението со кое жалбата изјавена против Одлуката на првостепениот орган е одбиена, се побива и делот од точка 4 од диспозитивот на оспореното решение во однос на одбиениот дел за трошоци на постапката, за што Управниот суд воопшто не се произнел во побиваната пресуда.

При ваква состојба Вишиот управен суд најде дека при донесувањето на побиваната пресуда Управниот суд ја сторил наведената суштествена

повреда на одредбите на постапката затоа што видно од образложението на побиваната пресуда првостепениот суд воопшто не се произнел по ова тужбено барање со што ја сторил наведената повреда на постапката.

Од овие причини следуваше овој суд пресудата на Управниот суд да ја укине и предметот го врати на повторно постапување на истиот суд при кое ќе треба да ја отстрани сторената суштествена повреда и донесе јасна и образложена одлука по сите барања од поднесената тужба, при што ќе треба да ги има во предвид и останатите тужбени и жалбени наводи, со оглед да се укажува дека наводите на тужителот не биле ценети, како во фаза на одлучување пред тужениот орган, така и во постапката пред Управниот суд.

Барањето на тужителот за надомест на трошоци во постапката по жалба во износ од 47.600,00 денари, од кои за состав на жалба износ од 46.800,00 денари и за судски такси износ од 800,00 денари, судот го одби како неосновано, од причина што согласно член 7-б од Законот за управните спорови, во управен спор странките сами ги поднесуваат трошоците што ги предизвикале со свое дејствие.

Поради наведеното Вишиот управен суд, согласно член 358 став 1 од Законот за парничната постапка во врска со член 7-а од Законот за управните спорови, одлучи како во изреката на решението.

Решено во Виш управен суд на ден 08.05.2020 година под УЖ-3.бр.112/2019.

Записничар - судски соработник<br>Милка Стефановска Трпевска с.р.

Претседател на совет - Судија<br>Владанка Панчурова Сулејманова с.р.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ВИШ УПРАВЕН СУД * СКОПЈЕ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT * GJYKATA E LARTË ADMINISTRATIVE * SHKUP

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник

/ЛС